ИЗЛОЖБА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА БЕЛГРАДСКАТА НОВИНСКА КУЌА „ПОЛИТИКА“





# ОМАЖ НА МАКЕДОНСКИТЕ ГОЛЕМИ СЛИКАРИ ВО БЕЛГРАД

ЉУБОМИР КОСТОВСКИ

**Во големата конкуренција на уметничките настани во последниот викенд, изложбата на делата на македонските сликари од колекцијата на Тихомир Кондев стана место што треба да се посети**

Оние кои присуствуваа на отворањето на грандиозната изложба "Омаж на големите македонски уметници", која доцна вечерта, на 30 октомври се отвори во Белград, а по повод јубилејот на новинската куќа "Политика", беа согласни во тоа дека славеникот веројатно го доби највредниот подарок. Како и што правилата наложуваат - подарокот се отвори веднаш и блесна во целиот сјај. Уште додека изложбата се поставуваше, на улицата која и се вика "Македонска", во фоајето на големиот облакодер на новинскиот гигант, имаше многу љубопитници на кои им застануваше здивот кога од другата страна на стаклото го видоа "Триптихот" на Димитар Кондевски, "Гитари" на Мартиновски или "Водарките" на Пандилов. За оне, пак, кои повеќе го сакаат апстрактното сликарство, тука беа делата на Мазев, Гуте Аврамовски или на Миле Корубин.

Галеријата, која инаку работи 24 часови непрекинато, официјално ги претстави сликите во присуство на белградскиот џет-сет. Амбасадорката на Србија и Црна Гора кај нас, Бисерка Матиќ-Спасоевиќ, која беше промоторот на изложбата, рече дека "македонскиот народ има душа која недостасува онаму каде таа сака да оди - во Европската унија, каде има премногу рационалност" и дека таа душа убаво се огледува и во сликарството. За нашата култура паднаа таа вечер многу комплименти и беше пријатно да се чујат. Особено беа горди на тие комлименти припадниците на не малата колонија на Македонци во Белград, поголем дел припадници на друштвото за српско-македонско пријателство "Шар", како и присутните претставници на семејствата на сликарите претставени на изложбата.

На приемот, на кој најпрвин говореше македонскиот амбасадор во Белград - Виктор Димовски, присуствуваа дури седум сегашни или поранешни припадници на дипломатскиот кор, што само по себе говори за интересот на јавноста кон овој настан. Димевски му се заблагодари на колекционерот Тихомир Кондев што практично својот живот го посвети на собирањето на така вредни експонати, исклучиво со свои средства. Претставникот, пак, на куќата славеник - директорот на "Политика" АД Мирко Ѓекиќ (кај читателите веројатно познат пред се како долгогодишен главен уредник на "стариот, добар "НИН") возбудено ни изјави дека, иако не се смета за познавач на сликарството, не треба да си кустос за да ја сватиш вредноста на изложеното.

Според колекционерот Кондев, кој цел живот собирал само слики на македонски автори и денес има над 300 примероци во лична сопственост, изборот, последната, шестата изложба на слики пред роденденот на "Политика" да биде од Македонија, е на организаторите. Негова е само одлуката на ѕидовите да се најдат дела на починати автори, "ова да биде еден омаж кон нив", тие да бидат токму најдобрите според неговата селекција. Факт е дека многу белградски семејства, според искажување на нивните членови на семејствата на самата изложба и ден по отворањето, чуваат дома слики на македонски автори и ги сметаат за еден вид на "семејна реликвија", која поминува од едно колено на друго. На овој начин, преку интересот за изложбата и оценките за неа во печатот, тие добија јавна потврда за својот своевремен избор. Тие се сега убедени дека сликите кои ги поседуваат имаат и голема пазарна вредност, но остануваат да се понудат за некои други времиња, "за уште полоши моменти", како што ни рекоа некои од нив.

Дури и во големата конкуренција на уметнички настани последниот викенд (треба да спомeнеме дека посетата на канцеларот Шредер во Белград донесе низа славни германски драмски автори и нивни претстави како гости на градот-домаќин, дека во Кинотеката се одвиваше Меѓународен студентски фестивал, а стартуваше и познатиот саем на увозници на филмови "Синеманија"), изложбата "Омаж на големите македонски сликари" стана место што треба да се посети.

**За колекцијата на Тихомир Кондев**

## ДЕЛАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ СИКАРИ ЗА КОНДЕВ СЕ НАЦИОНАЛНО БОГАТСТВО

Тихомир Кондев е секако познато име за постарите читатели. Беше дипломат од кариера, прв директор на Културниот центар во Њујорк, а денес се уште е активен во промоцијата на македонската уметност. Само во последните години има организирано четири промотивни изложби на македонски сликари во Њујорк и во Бостон и три изложби на постарите нивни колеги во Големото јаболко. И сето тоа без денар подршка од надлежните во Македонија, со кои се потешко комуницира, особено не директно. Тие 300 дела, од 44 автори, од најстариот, Димитар Пандилов Аврамовски, кој е роден во 19 век, се до младата Тања Таневска, која има 30 години, за Кондев се национално богатство, а државата, сепак на крајот мора да најде начин да ги собере на едно место, под еден покрив.